**20212574077**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 101 став (5) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19 и 110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 ноември 2021 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 208/19, 236/19, 53/21 и 175/21), во членот 12 ставот (9) се менува и гласи:

„За техничката поддршка од член 5 став (1) алинеја 6 од оваа уредба, субјектите кон барањето од член 11 став (6) од оваа уредба ги доставуваат следните документи:

а) за физички лица:

- доказ за освоена награда на меѓународен и/или регионален натпревар за вино;
- финансиски документ за купени најмалку 1000 лепенки за шише од наградата од член 5 став (1) алинеја 6 од оваа уредба или финансиски документ за купување на правата за користење и изработка на најмалку 1000 етикети за шише со податоци за наградата од член 5 став (1) алинеја 6 од оваа уредба и
- доказ од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки.

б) за правни лица:

- доказ за освоена награда на меѓународен и/или регионален натпревар за вино;
- финансиски документ за купени најмалку 2000 лепенки за шише од наградата од член 5 став (1) алинеја 6 од оваа уредба или финансиски документ за купување на правата за користење и изработка на најмалку 2000 етикети за шише со податоци за наградата од член 5 став (1) алинеја 6 од оваа уредба;
- тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- доказ од Централен регистар на Република Северна Македонија дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка и
- доказ од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки.“

Член 2

Во членот 14 во ставот (3) зборовите „членовите 3 и 4“ се заменуваат со зборовите „членовите 3, 4 и член 5 став (1) алинеја 6“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-11264/1
16 ноември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.